| | |
|---|---|
| Предмет | ПАТОЛОГИЈА 2 |
| Студиска програма | Медицина |
| Код: | СМ 321 |
| Студиска година | Трета (III) |
| Семестар | Шести (VI) |
| Вкупно часови | 120 |
| Кредити | 8.5 |
| Вид на предмет | Задолжителен |
| Предуслови | Добиени кредити (положен испит) од Биохемија 1, Физиологија 2, потпис од Патологија 1, Биохемија 2 и Патофизиологија 2 |
| Изведува: | Катедра по патологија |
| Одговорен наставник | Проф. д-р Лилјана Спасевска |
| Адреса: | Институт по патологија, Медицински факултет, 50 Дивизија бб, 1000 Скопје, Тел: +389 2 3166 911 e-mail:spasevska@medf.ukim.edu.mk |
| Клучни зборови | Медицински факултет, додипломска настава, задолжителен предмет, патолошки основи на болестите |
| Учебни цели | • Запознавање со етиопатогенетските механизми на настанување на болестите<br>• Запознавање со морфолошките основи: макроскопски и хистолошки промени на ткивата и органите кај болестите на сите системи.<br>• Морфолошка дијагностика на болестите , како и употребата на современите молекуларни техники во дијагностиката на болестите.<br>• Основни клинички манифестации на болестите |
| Кратка содржина | **Теоретска настава:**<br>• Патологија на дигестивен систем<br>• Патологија на црн дроб, жолчни патишта и панкреас<br>• Патологија на уринарен систем<br>• Патологија на града<br>• Патологија на ендокрини систем<br>• Патологија на централен нервен систем<br>• Патологија на генитален систем<br>• Патологија на кожа<br>• Патологија на локомоторен систем<br><br>**Практична настава:**<br>• Да се совладаат вештините за макроскопска и микроскопска анализа и дијагностика на болестите на биоптичен и оперативен материјал.<br>• Да се совладаат мануелните вештини на аутопсијата со одредување на основната болест, минати заболувања и одредување на причина за смрт. |
| Организација | **Теоретска настава**: 60 часа<br>**Практична настава**: 60 часа |
| Методи на учење | Класична и интерактивна теоретска настава, презентација на препарати на монитор, асистирана и самостојна макроскопска и микроскопска анализа на оперативен материјал и хистолошки препарати , активно учество во изведување на аутопсионите вежби и самостојно учење. |

**Предвидени учебни резултати**

**Знаење и разбирање**: Студентот ќе се стекне со основни знаења за етиопатогенетските механизми на настанување на болестите, макроскопските и хистолошки промени на ткивата и органите кај болестите на сите системи, како и употребата на современите техники во дијагностиката на болестите

**Клучни вештини**: Студентот ќе се здобие со вештините за макроскопска и микроскопска анализа и дијагностика на болестите на биоптичен и оперативен материјал, како и со мануелните вештини на аутопсијата со одредувањ е на основната болест, минати заболувања и одредување на  причина за смрт

**Специфични препораки за настава**

Студентот е задолжен активно да ги следи сите предвидени активности, вклучително и   учеството во континуираните проверки на знаењето за да добие потпис.

**Бодирање на активностите на студентот:**

| Вид на активност | Бодови | |
|---|---|---|
| | Мин | Макс |
| Теоретска настава | 2 | 8 |
| Практична настава | 10 | 12 |
| Континуирани проверки-2 | 24 | 40 |
| Завршен испит | 24 | 40 |
| **Вкупно:** | **60** | **100** |

*присуство на теоретска настава

51% - 57% - 2 бода;
58% - 64% - 3 бода;
65% - 71% - 4 бода;
72% - 78% - 5 бода;
78% - 85% - 6 бода;
86%- 92%- 7 бода;
93%-100%- 8 бода.

** практична настава: секоја вежба носи бод активно учество

**Условувачки критериуми за проверка на знаење:**

1. За да пристапи кон завршен испит студентот треба да освои минимум бодови (60%)  од двете континуирани проверки.
2. Ако студентот не освоил минимум бодови од континуираните проверки, пристапува кон комплетен завршен испит.

**Проверка на знаењата**

**Континуирана проверка на знаењата - 2 теста (писмено)**

1. Патологија на  дигестивен систем, црн дроб, жолчни патишта, панкреас, уринарен систем и града (50 прашања)
   12-20 бода
2. Патологија на ендокрин, централен нервен, генитален и локомоторен систем и кожа  (50 прашања)
   12-20 бода

**Завршен испит*: практичен дел**

1. Микроскопска дијагностика на хистолошки препарати и аутопсија или макроскопска анализа на оперативен материјал (практичен дел)  со теоретска дискусија по конкретната проблематика (од аутопсијата или добиениот оперативен материјал) 24-40 бода

| | |
|---|---|
| | **Комплетен завршен испит***: претставува комбинација на тестот од континуираната проверка/и кој не е положен и завршниот испит<br><br>* Оценката за целокупниот испит се добива според табелата на оценки, а врз основа на збирот на бодовите добиени од сите активности, вклучувајќи ги континуираните проверки и бодовите од секој дел од завршниот или комплетно завршниот испит. |
| Учебни помагала | Основни:<br>• Кумар В, Котран РС, Робинс СЛ. Основи патологије. 5 издање. Школска књига, Загреб, 1994.<br>• Kumar V, Cotran RS, Robbins SL. Robbins basic pathology. 7th ed. W.B. Sounders Company, Philadelphia, 2003.<br>• Практикум за хистопатолошки вежби - група на автори од Катедрата за патологија, 2005. |